**П Р Е Д Л О Г**

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Врз основа на член 29 став 1 точка 1 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 24.07.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје**

I. Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје од 26.05.2023 година, се вршат следните измени и дополнувања:

**Член 54**

1) Во член 54, став 1 се додава нова алинеа 2 која гласи како што следи:

“Претседателот на Управниот одбор, како Заменик претседател на Одборот,“

2) Во член 54, став 1, алинеа 2, која по додавањето на новата алинеа станува алинеа 3, се бришат зборовите “Заменик претседател на Одборот“.

3) Во член 54, став 1, алинеа 4, која по додавањето на новата алинеа станува алинеа 5, се дополнува со додавање на зборовите “и наплата“ на крајот од алинеата.

4) Во член 54, став 1, алинеа 5, која по додавањето на новата алинеа станува алинеа 6, целосно се брише.

5) Во член 54, став 1, алинеа 5 станува алинеа 6.

**Член 65**

6) Во член 65, став 5, во алинеа 3, по зборовите “активности поврзани со управување со кредитен ризик “ се додаваат зборовите “и наплата“. Во истата алинеа зборовите “активности поврзани со наплата и управување со колатерали“ целосно се бришат.

7) член 106 се менува и гласи како што следи:

**Член 106**

“Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот од 26.05.2023 година.”

1. Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ во постапката за добивање согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката.

2. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката, а Претседателот на Надзорниот одбор да го потпише пречистениот текст на Статутот на Банката.

3. Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.

Измените на Статутот се предложени поради планираната реорганизација на функциите за управување со ризици, што подразбира оптимизација на бројот на организациски единици директно одговорни под третиот член на Управниот одбор кој е надлежен за управување со ризици. Имено, укинувањето на Дирекцијата за наплата и управување со колатерали и прераспределба на функциите во рамки на Дирекцијата за кредитен ризик, која ќе стане Сектор за кредитен ризик и наплата, како и во Дирекцијата за стратешко управување со ризици, предизвикува промена во членството во Одборот за управување со ризици. Во составот на Одборот за управување со ризици се вклучува и Претседателот на Управниот одбор, како Заменик Претседател на одборот за управување со ризици.

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, која што ќе стапи на сила по добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач